REPUBLIKA E MAQEDONISË SË
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија

ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Бр. / Nr. 03-29/1
09-01-2025 20 год. / viti

Врз основа на член 17, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] од Скопје, претседателот на Инспекцискиот совет донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted], бр. 03-1172/1 од 24.12.2024 година.

**Образложение**

На 24.12.2024 година, [redacted] до Инспекцискиот совет достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-1172/1 од 24.12.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

- Барањето во електронски запис да ми се достават на е-маил: [redacted] документите врз основа на кои се донесени заклучоците од "Одговор на претставката". Документ УПП 16-371/2024 година, од датум : 19.12.2024 година (во прилог е закачен и одговорот на претставката).

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да и се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]).

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, во прилог Ви доставуваме:

- Барање на податоци за постапување, бр. УПП 16-371/2024 од 14.11.2024 година;
- Известување за постапување по предмет бр. 0907-1847 од 19.22.2024 година, наш број УПП 16-371/2024 од 02.12.2024 година и
- Информација Претставка против инспектор од Област 1 – пазар, работни односи и безбедност и здравје при работа, архивски број УПП 16-371 од 19.12.2024 година

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Претседател на Инспекциски совет
Даниела Рендевска

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ - KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје
Shkup

Доставено:
- до барателот на информацијата и
- во архивата на Инспекцискиот совет.

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор